**ЗАПИСНИК**
**од 18-та седница на Советот**
**одржана на 16.09.2009 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефановски, Илир Ајдини, проф. д-р Томе Груевски, проф. д-р Али Алиу, Панче Наумов, Фарук Омерагиќ, Бранко Радовановиќ и Столе Наумов.
**Отсутни:** акад. Бојан Шоптрајанов (најавено отсуство)
**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Арѓент Џелили, Магдалена Давидовска - Довлева и Борче Маневски.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи под точката "Разно" да се додадат следните точки "Информација за апликацијата на Советот за радиодифузија на РМ за полноправен член на Медитеранската платформа на регулаторни тела (МНРА)", "Информација за текот на дигитализацијата" и "Информација за новите фреквенции, кои се слободни според Агенцијата за електронски комуникации".

Предлозите беа прифатени од страна на членовите на Советот, при што за седницата беше утврден следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 16-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 15 јули 2009 година и усвојување на Записникот од 17-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 21 август 2009 година.
2. Нацрт-Извештај од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година.
3. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Наша ТВ, реализиран на 08-ми мај 2009 година.
4. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на А1 Телевизија, реализиранна 08-ми мај 2009 година.
5. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТВ Сител, реализиран на 08-ми мај 2009 година.
6. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТВ Канал 5, реализиран на 08-ми мај 2009 година.
7. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Канал 77, реализиран на 08-ми мај 2009 година.
8. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Алсат М, реализиран на 26-ти јули 2009 година.
9. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Сител 3, реализиран на 22-ри јули 2009 година.
10. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТВ Алфа, реализиран на 22-ри јули 2009 година.
11. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на Антена 5, реализиран на 28-ми јули 2009 година.
12. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на МТВ1, реализиран на 20-ти август 2009 година.
13. Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис на ТВ ТЕЛМА, реализиран на 22-ти август 2009 година.

14. Информација од мониторингот на емисијата "Нешто убаво", емитувана на ТВ Сител, реализиран на 28-ти август 2009 година.

15. Предлог-Правилник за работниот ред и дисциплина на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ.

16. Предлог-Правилник за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ.

17. Информација за промена на сопственичката структура на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА КРТ ДООЕЛ од Скопје.

18. Потврда за регистрација на програмски пакет на Траншпед Трејд ДООЕЛ подружница бр.1 Тран-Кабел Крива Паланка (П О Т В Р Д А бр.1).

19. Потврда за регистрација на програмски пакет на ТРД оператор на кабелска мрежа Кабел ски ДООЕЛ Долнени Прилеп (П О Т В Р Д А бр.2).

20. Потврда за регистрација на програмски пакет на ТРД оператор на кабелска мрежа СУПЕРКАБЕЛ ДОО Брвеница (П О Т В Р Д А бр.1).

21. Разно.

- Информација за апликацијата на Советот за радиодифузија на РМ за полноправен член на Медитеранската платформа на регулаторни тела (МНРА).
- Информација за текот на дигитализацијата.
- Информација за новите фреквенции, кои се слободни според Агенцијата за електронски комуникации.

**Точка 1**

Записникот од 16-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 15 јули 2009 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

Записникот од 17-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 21 август 2009 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

**Точка 2**

Во врска со предложениот Нацрт-Извештај од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои предложениот Нацрт-Извештај од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година. Советот го задолжи Одделението за меѓународна соработка и односи со јавноста да го објави Нацрт-Извештајот од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година.на ВЕБ страната на Советот за радиодифузија на РМ и да објави дека Предлог-Извештајот од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година ќе биде разгледуван на наредната (ЈАВНА) седница на Советот за радиодифузија на РМ. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го испечати Нацрт-Извештајот од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година и да го достави до ОБСЕ, ОДИХР, Државната изборна комисија, МОСТ и до други релевантни институции поврзани со претседателските и локалните избори 2009 година. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да организира Јавна седница на Советот, на која ќе биде разгледан и усвоен Предлог-Извештајот од мониторингот на претседателските и локалните избори 2009 година.

**Точка 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13**

Во врска со предложените Извештаи од мониторингот на програмските сервиси на: Наша ТВ, А1 Телевизија, ТВ Сител, ТВ Канал 5, Канал 77, Алсат М, Сител 3, ТВ Алфа, Антена 5, МТВ1 и ТВ ТЕЛМА, Советот за радиодифузија на РМ го донесе заклучок: поради зачестените прекршувања на Правилникот за заштита на малолет-

ната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (непочитувањето на правилата за заштита на малолетните лица, односно емитување во несоодветен програмски период), Советот донесе одлука да закаже состанок со националните радиодифузери, на кој ќе им се укаже дека го прекршуваат Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој и ќе ги предупреди за следните мерки кои ќе им бидат изречени доколку продолжат со таквите прекршувања. Се задолжува Секторот за програмски работи да испрати допис до сите национални радиодифузери, во кој ќе ги покани на состанок во Советот за радиодифузија, на кој главна тема ќе биде примената и почитувањето на Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој. Советот за радиодифузија на РМ формира работна група, во состав: Илир Ајдини, Столе Наумов, Панче Наумов, Емилија Јаневска и Виктор Шиков. Работната група ќе работи на измените и дополнувањата на на Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој
При гласањето за овој заклучок, членот на Советот Панче Наумов беше воздржан, додека другите членови на Советот гласаа "за".

**Точка 14**

Во врска со предложената Информација од мониторингот на емисијата “Нешто убаво”, емитувана на ТВ Сител на 28-ти август 2009 година, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да ја усвои Информацијата од мониторингот на емисијата "Нешто убаво", емитувана на ТВ Сител на 28-ти август 2009 година. Советот за радиодифузија на РМ донесе Одлука да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд за ТВ Сител поради прекршување на член 70 став 1 од Законот за радиодифузната дејност во емисијата “Нешто убаво”, емитувана на ТВ Сител на 28-ти август 2009 година. Советот го задолжи Секторот за правни работи да закаже состанок со јавниот обвинител, народниот правобранител и Комисијата за заштита на лични податоци, на кој ќе бидат разгледани и прекршувањата на други закони, направени во емисијата “Нешто убаво”, емитувана на ТВ Сител на 28-ти август 2009 година. Советот го задолжи Одделението за меѓународна соработка и односи со јавноста да подготви Соопштение за јавноста и истото да го објави на ВЕБ страната на Советот за радиодифузија на РМ. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да достави Барање до Секторот за технологии и информатика за чување на снимката која е предмет на прекршочна постапка.

**Точка 15**

Советот одлучи оваа точка да ја одложи за некоја наредна седница на Советот за радиодифузија на РМ.

**Точка 16**

Во врска со Предлог-Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои предложениот Правилник за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ. Советот формира работна група, во состав: Фарук Омерагиќ, Цветанка Митревска и Слободан Беличански, која ќе

работи на подготвување Правилник за стручно усовршување, дообразување и специјализација на членовите на Советот за радиодифузија на РМ. Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да го објави Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот за радиодифузија на РМ на Огласната табла во Советот.

**Точка 17**

Во врска со предложената Информација за Барањето согласност за промена на сопственичката структура на ТРД Телевизија КРТ ДООЕЛ од Скопје, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се увои Барањето за промена на сопственичката структура на ТРД Телевизија КРТ ДООЕЛ од Скопје. Советот го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој да ја извести ТРД Телевизија КРТ ДООЕЛ од Скопје дека е усвоено нивното Барање за промена на сопственичката структура.

**Точка 18**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Траншпед Трејд ДООЕЛ подружница бр.1 Тран-Кабел Крива Паланка, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на Траншпед Трејд ДООЕЛ подружница бр.1 Тран-Кабел Крива Паланка и да му издаде Потврда бр.1 за регистрација на пакетот програмски севиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 19**

Во врска со Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа СУПЕРКАБЕЛ ДОО Брвеница, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за регистрација на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа СУПЕРКАБЕЛ ДОО Брвеница и да му издаде Потврда бр.1 за регистрација на пакетот програмски севиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 20**

Во врска со Барањето за дополнување на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Кабел ски ДООЕЛ Долнени Прилеп, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да го прифати Барањето за дополнување на пакетот програмски сервиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа на ТРД оператор на кабелска мрежа Кабел ски ДООЕЛ Долнени Прилеп и да му издаде Потврда бр.2 за регистрација на пакетот програмски севиси за реемитување преку јавна комуникациска мрежа.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги запише барањето и потврдата во Уписникот за предметите од првостепената управна постапка – Уп 1.

**Точка 21**

Разно

- Информација за апликацијата на Советот за радиодифузија на РМ за полноправен член на Медитеранската платформа на регулаторни тела (МНРА).
- Информација за текот на дигитализацијата.
- Информација за новите фреквенции, кои се слободни според Агенцијата за електронски комуникации.

**<u>I-во продолжение на 18-та седница одржано на 17.09.2009</u>**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефановски, Илир Ајдини, акад. Бојан Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, Панче Наумов и Фарук Омерагиќ.

**Отсутни:** проф. д-р Али Алиу (најавено отсуство)

**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски и Емилија Јаневска.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, при што за првото продолжение на 18-та седница беше утврден следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Анализа на негативното политичко рекламирање за лидерот на СДСМ, емитувано на некои телевизиски станици

**Точка 1**

Во врска со предложената Анализа на негативното политичко рекламирање за лидерот на СДСМ, емитувано на некои телевизиски станици, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои предложената Анализа на негативното политичко рекламирање за лидерот на СДСМ, емитувано на некои телевизиски станици. Советот за радиодифузија на РМ донесе Одлука да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд за телевизиските станици кои го емитуваа посочениот спот поради прекршување на член 88 и член 89 од Законот за радиодифузната дејност. Советот го задолжи Секторот за програмски работи да достави Барање до Секторот за технологии и информатика за чување на снимката која е предмет на прекршочна постапка. Советот го задолжи Одделението за меѓународна соработка и односи со јавноста да подготви Соопштение за јавноста, во кое ќе ја извести дека посочениот спот не е во согласност со стандардите за рекламирање, утврдени во Законот за радиодифузната дејност и дека во него се повредува човековото достоинство (член 89) со тоа што не се почитува загарантираната пресумпција на невиност и забраната за прикажување на малолетни лица во политичко

рекламирање (член 88), а воедно во Соопштението, Советот ќе ги повика медиумите да се придржуваат кон законските одредби и да внимаваат при емитување на платено политичко рекламирање. Советот го задолжи Одделението за меѓународна соработка и односи со јавноста да го објави Соопштението на ВЕБ страната на Советот за радиодифузија на РМ.

Бр. 02-3357/2
09.10.2009 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ